СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
Бр.08- 821/11
09.02.2022 година
Кавадарци

# З А П И С Н И К

За работата на 7 -та седница на Советот на Општина Кавадарци закажана за ден 09.02.2022 година.

## ПОЧИТУВАНИ СОВЕТНИЦИ

Ја отварам 7-та седница на Советот на Општина Кавадарци закажана за денес. На седницата се присутни сите советници 17. Отсутни се двајца, поради здравствени причини, поради пандемијата и тие ќе бидат присутни преку технологијата. Сега од информатичката технологија ќе бидат вклучени.

Се прозиваат двајцата советници да се произнесат дали се присутни.

Констатирам дека кворум за работа има и Советот може полноважно да одлучува по предложениот дневен ред.

Со Решението за свикување на денешната седница доставен е и Записник од 6-тата Седница на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 27.01.2022 година.

Дали има забелешки по Записникот од 6-тата Седница на Советот на Општина Кавадарци.

Кој е за усвојување на Записникот од 6-тата Седница на Советот на Општина Кавадарци. Едногласно усвоен.

Се прозиваат двајцата советници да се произнесат. Во ред.

Констатирам дека е усвоен Записникот од 6-тата Седница на Советот на Општина Кавадарци.

Со Решението за свикување на денешната седница имате добиено Предлог Дневен Ред за работа на седницата закажана за денес и тоа:

1. Предлог-Програма „Св.Трифун 2022„;
2. Предлог-Програма за заштита од штетно дејство на водите;
3. Предлог-Програма за дефинирање граници на ерозивни подрачја на територијата на Општина Кавадарци;
4. Предлог- План за пошумување 2022-2025;
5. Годишен Извештај за состојбата со животната средина за 2021 година;
6. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко планска документација за објекти надвор од планскиот опфат;
7. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.20/21 поведен пред Основен суд Кавадарци;

8. Предлог-Одлука за примање донација (извршување на градежни работи на патот с.Ресава до Тиквешко Езеро) од Друштво за производство, трговија и услуги "КОЖУВЧАНКА" ДОО увоз-извоз Кавадарци ;

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред на денешната седница и тоа :

Предлог-Одлука за сопствено учество на општина Кавадарци-Локална самоуправа, во реализација на проектот „Воспоставување на Советувалишен центар за помош и поддршка на жртви на родово базирано и семејно насилство"

Согласно Деловникот молам за произнесување на предложената точка на дневен ред .

Кој е за. Едногласно усвоена.

Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни со точка 9.

Предлог-Одлука за сопствено учество на општина Кавадарци-Локална самоуправа, во реализација на проектот „Воспоставување на Советувалишен центар за помош и поддршка на жртви на родово базирано и семејно насилство"

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

Предлог-Одлука за одобрување финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година.

Согласно Деловникот молам за произнесување на предложената точка на дневен ред .Кој е за.

Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни со точка 10

Предлог-Одлука за одобрување финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година

Дали има некои други предлози за изменување и дополнување на досегашниот изменет дневен ред.

Доколку нема целиот Дневен ред го ставам на гласање.

Дали има материјал советниче. Во ред. Ајде пауза 5 минути тогаш.

Констатирам дека. Абе не можеме да ја туриме точката. Како ќе ја туриме точката. Ама немаме материјал за таа точка како. Не може за нешто да гласаме кај што немаме. Значи ни сега комисијата ја виканвме врз основа на Извештај направен во декември месец. На ваше барање. Ни кажа претставник од Општината негово увидување дека во два наврати е добиен негативен исход на барањето од страна на барателот . Тоа е во декември месец 2021 година. Опцијата е следна. Бидејќи точката не е комплетна, значи немаме материјал за неа, прво како советници, не можеме да ја ставиме на Дневен ред . Значи вака сега. Ристе во ред е.Точно. Нели мислење.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Или ако има основ да оде на Совет али со тоа што го разгледаме дека материјал за совет нема да оде, не заради материјал, него за легимитетот на Советот и ингеренциите на Советот.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Почитувани да не го обременуваме Дневниот ред, истиот го ставам на гласање. Кој е за. 17 за.2 против.

Почитувани пристапуваме кон реализација на денешниот Дневен ред за 7 –та седница.

1 .Предлог-Програма „Св.Трифун 2022„;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор.

СОВЕТНИЧКА ВЕСА БОГЕВА: Почитувани граѓани, почитувани медиуми, почитувани присутни, почитуван Претседател на Совет, почитуван Градоначалник. Како прва точка на дневен ред на денешната седница е Програмата за одбележување на празникот, Св.Трифун. Значи Св. Трифун е празник на лозарите, а за Кавадарци како град на грозјето и виното овој празник е од посебно значење. На овој ден исто така се започнува и традиционалното закројување на лозовите насади и затоа сакам да ја искористам оваа прилика да им посакам успешна, бериќетна, плодна година на сите лозари на град Кавадарци и да имаат поволни, наклонети, временски и пазарни услови. Со манифестацијата Св. Трифун можеме да дадеме голем придонес во промоција на производите на нашите лозари. Значи во промоција на виното, на грозјето, на маџунот, но кога ја имаме во предвид Програмата за одбележување на овој празник за оваа година, мораме да бидеме самокритични и во делот на износот на средства што се планира да се потроши и во делот на активностите и целите што треба да ги постигниме со оваа програма. Кои ќе бидат бенефитите, кои ќе ги добие овој град и самите лозари со потрошените средства. Разгледувајќи ја оваа програма се јави дилема дали со изностот што се планира да се потроши за оваа манифестација можеме да направиме повеќе активности и да постигниме повеќе цели или пак за оваа програма, за овие активности што се дадени во самата програма можеме да потрошиме повеќе пари. Заради тоа сакам и очекувам одговор од секторпт задолжен од Локаланта Самоуправа за планирање и организирање на оваа манифестација да ни одговори дали во самата постапка првично се утврдува износот на средства што е планиран и за кој износ е подготвена Локалната Самоуправа да потроши средства и врз база на тој износ се прави соодветна програма од фирмата што е избрана за спроведување на манифестацијата или првично се утврдуваат кои активности треба да се направат, кои цели треба да се постигнат и за секоја соодветна активност се утврдува цена колку таа активност ќе кошта и на крајот се гледа вкупната цена на целата манифестација. Заради тоа што во самите исто така сакам одговор дали е секторот, што е исто така задолжен за оваа програма или има направено детална анализа на сите овие активности во самата програма што се понудени од фирмата која што ќе ја спроведи манифестацијата, заради тоа што има доста активности што според мене се

многу слични, имаат да не речам исто значење, имаат различно име и доста високи износи на цена што треба да ги потроши Локалната Самоуправа. Значи мораме да бидиме многу поодговорни во трошењето на средствата на буџетските пари, односнно парите на граѓаните на Град Кавадарци. Ние како советничка група и побаравме да видиме колку средства се потрошени во претходнте манифестации, мислам во претходните години за да направиме споредба. Мораме да се надоврзуваме на секоја манифестација претходна, значи да се прави анализа колку средства се потрошени во претходната година, во претходните манифестации, можат да бидат и со различни намени манифестациите, но битно е да се виде колку средства се потрошени и кои цели се постигнати со тие манифестации, значи после секоја манифестација треба да си направи детална анализа кои бенефити ги има Општина Кавадарци од тие манифестации и сето тоа да се земе во предвид за секоја наредна манифестација и во делот на трошење на средствата и во делот на постигнатите бенефити и цели на тој начин можеме и да се подобриме, значи да ги оправдаме потошените средства и да бидеме подобри и тоа е заеднички интерес и на Општината како Локалната Самоуправа и на сите граѓани на град Кавадарци. Значи тоа е во делот. Неколку прашања поставив, очекувам одговор од секторот кој што. Па да link речеме вака. Значи имаме хонорари за тројца менаџери. Тоа се 60 000 денари. Имаме настан што треба да биде еден, дополнително имаме и недела, значи два дена, а имаме дополнителна целосна организација, значи процент за организацијата на самиот настан, значи самата фирма си става процент на организација. Значи тука организација и менаџери мене некако ми се многу слични. Вкупниот трошок за организација, дизајн за печатени материјали, социјални објави, подготовка на ПЈ, водење на маркетинг , тоа се 90 000 и тоа се износи без ддв . 60 000 значи имаме за Некст Тајм. Имаше реакција и од граѓаните, морам да пренесам дека Некст Тајм, дека треба Локалната Самоуправа да го плати 3000 евра, износот е доста висок за овој бенд, мислиме дека ако самиот сектор се вклучи во подобро договарање на овие износи може да се постигнат пониски трговски цени или пак да се одбере некој друг бенд што ќе пее, мислам ќе настапува за помал износ на средства. 3000 евра за Некст Тајм се. Има реакција од граѓаните. Тоа морам да го пренесам сега. Јас пренесувам само информација од граѓаните.Па сега не е битно. Тоа е наше мислење.

САЊА КРСТИЌ: Почитувани советници, почитуван Градоначалник, Претседателе добарден. Бидејќи многу точки беа, ќе се осврнам на најглавното, повеќе во делот на активностите дали секторот е вклучен во доделувањето, претежно ќе кажам претходно кога се донесува и кога се планира буџет од страна на Општина Кавадарци од Секторот за јавни дејности и култура е предвидено 7 000 000 за организирање на 4 настани. Тоа се Нова Година, Св. Трифун, Гроздобер и Културно лето. Општина Кавадарци транспарентно преку јавен конкурс што го распишува претходно со донесена одлука на совет бира правно лице кое ќе биде организатор или ќе ги организира и делегира надлежностите на Општина Кавадарци. Пред се станува збор за фирма Иноватива Груп Скопје што е доста добро позната на Македонија, во Кавадарци

еве 5-та година се со нас , веќе склучуваат договор. Ние таа фирма ја бираме транспарентно, значи со претходно понудена програма која оваа година значи се формира комисија и таа комисија ја разгледува таа програма и одлучува со бодирање дали ќе биде или нема да биде таа фирма, дали ги исполнува условите или нема да биде таа фирма. За секоја програма донесена, мислам предложена на Совет, нормално дека секторот е вклучен во одлуките, мислам во договарањето, дали за целите или услугите што ги бара во Општина Кавадарци заедно со организаторот и никогаш не би го оштетила буџетот на Општина Кавадарци, затоа пред се и нас ни е од интерес да имаме фидбек од таа манифестација што ја организаираме, а и се воглавном да бидат задоволни граѓаните нели на Општина Кавадарци и јас како овластено лице се грижам значи за Буџетот за Општина Кавадарци. Конкретно за целите што се предложени во оваа програма, односно финансиската конструкција, мислам дека е соодветна оваа сума и се е однапред проверено,, бидејќи нормално дека никој нема да организира настан што е од јавен карактер за минимална сума, бидејќи ние имаме два дена програма, од која еден целодневен со музички артисти и тие артисти никој нема да настапува без пари, што е многу нормално, дали во град Кавадарци или во било која друга општина. Пред се кога ги спомнавте овие хонорари за Ивект менаџер, стејт менаџер и бекстејџ менаџер, тоа се три, мислам не е иста ставка заедно со процентот на организаторот, што е нормално организаторот да има процент во организаирање на јавен настан, значи од јавен карактер. Друго сакам само да се надоврзам. Не зима ништо. Тоа за групите што идат, но не 90 000 денара е за организаторот. Сакав да кажам само дека не е иста ставката со процентот за организаторот, значи ставката Инвент менаџер и стејт менаџер и бекстејџ менаџер мора да го има, поготово кога иде бенд, значи тоа морам да го имам јас. Ама не, сакав да кажам дека тоа се две различни ставки, затоа што она кажа дека се исти. Мислам советничката спомна дека се исти. Тоа се две различни ставки, значи. Друго бидејќи и спомнавте дека Некст Тајм кошта многу како бенд побарав увид на документ со дозвола, мислам нели нормално на организаторот договор за посетен настап на Некст Тајм и тоа во клуб, каде што цената треба да е минимум 30% во споредба со настап што е јавна манифестација. Нормално бенд кога настапува на јавен настан или кога има јавен карактер или во клуб. Друго спомнавте дека менаџерите, воглавном Иновативa се менаџери и дека тие си фаворизираат нивни бендови. 80% од македонската естрада соработува со Иновативa Груп, тоа не е тајна, тоа е мислам про, не правам ни промоција, ни фаворизирање на самиот организатор. Само ја кажувам вистината. Организаторот се сложи да ви приложи, но заради, мислам документ за да видите како изгледа еден договор, за клуб и како изгледа еден договор за јавна манифестација, но поради заштита на цената или заштита на доверливост не дозволува да се споделува истата инаку вие советници ќе имате увид врз тој документ, но би замолила јавно да не биде споделен, бидејќи овој документ не е во интерес на бендовите што тој ги застапува. Секој поединец во било кое време и вие како Совет може да си побарате од самиот организатор се што ве интересира и се што сакате во врска со финансиската конструкција и дали усно, дали писмено ќе ви биде

одговорено. Само уште ова Претседателе да го кажам. Плус тоа, доколку сметате дека овие цени, не одговарат и не се соодветни, согласно дека се премногу, значи 1 000 000 денари значи вие можете да предложите артисти, да предложите на самиот организатор и доколку сметате дека би договориле подобра цена, тој артист да настапува на настап од јавен карактер, организаторот се сложува да ги прифани вашите услови и ќе биде благодарен за истите. И јас мислам дека за Кавадарчани би било добро да има настани од ваков карактер, бидејќи и самите кажавте дека ова е ден за лозарите, ден на градот и заслужуваат да имат и манифестација, не само што ќе бидат физички исцрпени.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Почитуван Претседател на Совет, почитувани советници, почитувани сограѓани добар ден. Во врска за Св. Трифун и она што беше пред малку елаборирано и кажано, неколку пати почитуваната советничка спомна што е бенефит од оваа работа. Јас би потенцирал неколку работи. Значи што е бенефитот. Прво и основно бараме бенефит од нешто кое што значи традиција, култура, територија и традионалност на нашата нација и на нашето земјоделско потекло односно на нашето лозаропроизводителство, а тоа е заштитникот Св. Трифун. И мојот дедо и верувам и моите претходници го славеле Св. Трифун секој на свој начин во соодветно време, во соодветен момент според условите кои што ги имале во тогашно време. Бенефитот би го споредил со неколку работи, ако зборуваме така тогаш бенефит од ништо што значи историја, традиција, датум, нема никој ништо, меѓутоа затоа постојат вака сега луѓе, едукативно меѓутоа ми дадовте простор да зборам на таа тема. Државата како држава си слави неколку клучни фактори и работи кои што се идентитет на државата и никогаш нема да отстапе од нив . Т оа е остамостојувањето, Денот на Независност, тоа се датумите на нашите предци кои се бореле за ваа држава, тоа се Ден ма јазикот, тука има и верски празници кои што влегуваат во државни празници. Секое семејство дома си слави некаков празник, некој верски празник, некој роденден, некој именден, бенефит не чека никој од таа работа, едноставно традицијата сака да си ја продолжи и сочува во делот на интерес на семејството. Секоја општина си има свој датум. Нема да ве потсетувам за Општина Кавадарци кои датуми ги има. Ги знаете верувам добро, меѓутоа еден од клучните датуми е 14-ти февруар.Тоа е Денот на Св. Трифун. Придобивката нема да ја објаснувам и да ја кажам, ја верувам секоједен ја знае и чествува како лозар и вклучувајќи ги 7200 индивидуални лозаропроизводители легитимитетот за оваа манифестација доаѓа токму од тие лозари и нивните предци кои што обработувале лозов насад или грозје. Бенефитот ќе го видиме во тоа што нема да го заборавиме Св..Трифун, ќе дадиме едни добри насоки, ќе дадиме една добра мисла. Сите винарски визби исто го чествуваат Св. Трифун, сите наши локални самоуправи кои што ги имаме во делот на Тиквешијата го чествуваат Св. Трифун и нормално на тој ден се посакуваат добри мисли, се посакува плодна, убава година за лозаропроизводителите и нормално да можиме да разговараме за подобра цена и подобро плаќање на самото грозје. Пак ако се навратиме назад што е придобивката. Придобивката е во тоа што тоа сме ние. Ние не може Валентајн

да го славиме сега, извини сега ако има некој што мисле Валентајн да го славе нека го славе Валентајн, немам ништо против, али Општината нема да изгласа за Валентајн да го славе, ќе го славе Св. Трифун. Придобивката во делот на славењето такви манифестации, не треба никогаш да биде изоставена, ниту пак заборавена , ниту пак модернизирана до крајна граница него традицијата да биде сочувана, традицијата да биде запазена и да ја пренесуваме од колено на колено. Мислам дека и главната улога како луѓе и како советници и како Градоначалник и носители на јавни функции токму ни е баш и тоа. Ако зборуваме за придобивки, тогаш воопшто да не разговараме зошто учиме историја, зошто учиме нешто што било некогаш, за да се запознаеме со минатото, а да ја изградиме иднината, да не заборавиме и кои сме и што сме. Придобивката од такви работи Општина Кавадарци има право у идно време, доколку увиди модернизација, промена на многу работи да побараме да се дополне и со некој друг празник кој што ќе биде соодветно даден врз основа на Општина Кавадарци или тоа што го чествуваат граѓаните. Ако очекувате придобивки од материјалното добро или финансиско добро нема, значи зборуваме цело време за традиција, култура и за она што треба ние како луѓе да го сочуваме од нашите предци . Милион денари за одбележување на Св. Трифун каде што имаме 19 уметници и 20 души вклучени во организацијата и манифестација од два дена, ако ја поделиме по саати е дури и малку средства според мој критериум за одбележување на Св. Трифун, меѓутоа во оваа пандемија бевме најобјективни и мислам дека и нашите соработници излегоа во пресрет да тие средства бидат што поминимални за да можеме да го поминеме Св. Трифун симболично,,меѓутоа и да не потрошиме непотребно плус дополнителни средства. Јас би ве замолил да видете и минативе години колкави се буџетите на другите општини, не ги критикувам, меѓутоа се најмалку двојно или тројно повисоки од буџетот на Општина Кавадарци во делот на Св. Трифун. Многу е битно за Св. Трифун кои гости ќе ни дојдат, кој ќе не испочитува, кој ќе ни се додворе за да бидиме партнери со него, у делот и на винарските визби, у делот на нашите соработници, во делот на Владата, во делот на партискиот систем кај што мислам дека треба заеднички да го одбележиме и чествуваме како паразник кој што е најголем, еден од најголемите за Општина Кавадарци, така да јас очекувам да имаме пред се наша сплотеност и разбирање за празникот, па за тоа кога ќе дојдат гости да оставиме убав впечаток, добра насмевка, да ни ја видат традицијата, успешноста и менаџирањето, за догодина пак да ни се вратат . Немој да се вратиме назад кога каневме гости, а не доаѓаше никој како Општина, ако дојдиме до тоа ниво, тоа е исто како да правиш свадба, а да не ти дојде никој, така да јас очекувам дека Општина Кавадарци ќе си остане добар домаќин, домаќин со углед и кај што нашите гости кои што ги каниме во делот на соработката меѓуопштинска, меѓудржавна, со амбасадите, со нашите винарски визби ќе бидиме испочитувани како Локална Самоуправа, како народ, како Кавадарчани во делот на одбележувањето на Св.Трифун.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Дали има некој друг збор.

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Почитуван Градоначалник, почитуван Претседател, колеги советници, почитувани граѓани и останати гости. Немав

намера да земам збор за оваа точка , затоа што сметам дека ова точка ни е повеќе од битна на сите во Општина Кавадарци, меѓутоа врз основа на кажувањето на колешката дека многу пари биле за Некст Тајм врз основа на кажување, јас би го прифатил како таков доколку испаднеше и кажеше дека ќе го донесиме Влатко Стефановски за 100 евра или Калиопи за 50 евра. Од чаршиарски муабети не смееме да бидеме тука предизвикани и да кажуваме дали се трошат многу или малку пари. Бенефити значи имаме споредни, ќе имаме гости, ќе имаме 3000, 4000 луѓе тука, ќе бидат полни ресторамите, ќе бидат полни кафаните, ќе има луѓе кои што ќе продаваат нели вина, ќе има маџун ќе продават , значи тука се бенефитите. Ќе не запознаат кои сме,ќе дојдат луѓе од Србија, ќе кажиме правиме маџун, правиме добри вина, правиме добри ракии, ќе имаме изложено, бенефит ќе имат и граѓаните, тие што ќе дојдат тука, имам сознание дека ќе изложат казани за производство на овошни ракии, значи ќе се прошире сето тоа.,Ќе се едуцират и нашите земјоделци. Така да сметам дека ова точка треба да помине едногласно од страна на сите советници.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Повели реплика. Од место.
СОВЕТНИЧКА ВЕСА БОГЕВА: Значи грешка се разбравме. Значи јас не сум против прославувањето на празникот, ниту пак реков дека ќе нема бенефит.Значи тука нема потреба советниче да ми кажувате кои се бенефитите, него реков како Локална, одговорна Локална Самоуправа треба да си правиме добри анализи за и пред одржувањето на манифестацијата и после, на било која манифестација. Да се виде конкретно што сме постигнале како Локална Самоуправа и да се подобруваме во правец, значи за секоја наредна манифестација да биде подобра од претходната и тоа мораме да го правиме, значи мора да има анализи, а дека ќе има бенефити, далеку од тоа дека нема да има бенефит од манифестацијата Св. Трифун. Наш, мислам мое мислење е дека износот е висок за оваа манифестација, но секој си има различно мислење и тоа не е спорно.
СОВЕТНИЧА ВАЛЕНТИНА БАЊАНСКА: Почитуван Претседател, Градоначалник, колеги советници и општинска администрација, медиуми и останати присутни сограѓани. Во пресрет на празникот на лозарите Св. Трифун и неговото традиционално одбележување денес на седница ни е предложена програмата Финансискиот Извештај за одржување на празникот на лозарите Св. Трифун кое е изготвено од страна на Иновативa Груп Скопје. Финансискиот Извештај кој боде во очи во висина од 1 141 131 или 18 560 евра. Овие парични средства кои Градоначалникот ги предлага да се потрошат за традиционално одбележување на празникот Св.Трифун во услови на енергетска криза и здраствена криза за еден ден се премногу. Тоа што е замислено два дена сметам дека сепак недела е така дадена значи за да може да се направе промоција на традинационалните значи производи како што се маџунот, виното итн.Точно дека Кавадарци треба достојно да го одбележи и да го прослави празникот, но во услови на оваква пандемија мислам дека е чисто луксузирање и багатаство. Една од ставките кои боде во очи е поставувањето на 8-те дрвени куќички што коштат 160 000 денари секоја поединечно кога би ја пресметале 20 000 денари за изнајмување за еден ден. Во една од претходните седници на овој состав

расправавме дека треба да се купат вакви куќички и тоа е ставено во програма и буџет. Е па луксуз. Па една вакви куќичка кошта на пазарот некаде околу 1000-1500 евра, така да би требало..

ГРАДОНАЧАЛНИК: Кога ги презентирате работите ве молам читајте ги од почеток до крај. Транспорт, монтирање, демонтажа и враќање на куќичките од кај е изнајмено, не е само куќичките. Комплетно се.

СОВЕТНИЧКА ВАЛЕНТИНА БАЊАНСКА: Точно, ама во годината неколку пати ги изнајмуваме истите и сметаме дека како што предложивме на некоја од претходните седници да се купат и овие куќички, значи треба да се купат бидејќи е поефтино, подомаќински, поекономично и да ги имаме, значи само монтажа и демонтажа ќе се врше, барем во тој дел како што го предложивме и така треба да во најскоро време тоа да се заврше, како и ред други работи што завршуваме така. Сега тука се поставува и прашањето ако за 4 квадратна куќичка плаќаме 20 000 денари значи дневно, во тој случај колку би коштале значи и ќириите што се плаќаат за дуќан месечно. Значи неспоредлива е сумата која што се плаќа за еден ден значи за куќичка. Јас би се осврнала и на фирмата која што ја организира и и е делегирана надлежноста за организација и манифестации, инаку Иноватива Груп е фирма која се грижи за маркетинг на фирмите, чиј сопственик е Градоначалникот.Таа фирма на една од претходните седници беше објаснато од страна на Градоначалникот дека е единствената што ги исполнува условите на јавниот конкурс за делегирање на надлежноста за организирање на манифестации. Да го прашам Градоначалникот дали има некоја друга фирма на пазарот која што исто вака организира значи вакви манифестации и исто така уште едно прашање имам. Дали се поклопува периодот кога Иноватива Груп вршела маркетинг и на вашите сопствени фирми и во Општина Кавадарци, затоа што и сега претходно ни кажаа од секторот за култура од Општината дека ова е 5-та година со која што се склучува Договор за организација на манифестации од оваа фирма.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Тука има едно прашање каде што лично ме прашувате за фирмита. За жал еве имам фирма, работам 30 години и моите предци и јас не работам во јавна администрација, ниту јас, ниту мојата сопруга, ниту моите блиски , ниту сестра, па да зимам плата државна и да кажам дека милион денара е многу за организација Св. Трифун. Вашата плата кошта само милион денара годишно, а колку работите треба некој да ве преиспита. Ваша работа. Иноватива Груп работе со Кожувчанка компанија 15 годиини, 15 години работи како фирма со Кожувчанка и тоа се работа дали ќе продолже да работе или нема да продолже од задоволството на нивото и на фирмата и на Кожувчанка. Ние како фирма се градевме и се градиме како Општина и долго време ни требаше да стигниме и да дојдиме со брендови со кои што можеме да работиме. Прво некогаш и да дадиш пари има фирми кои не ти дозволуваат да работиш со нив имате го тоа во обзир. Има луѓе кои што работеле и маркетинг и магистрирале и студирале маркетинг. Имаше моменти кога Здравко Чолиќ да дојде да пее во Кавадарци, го молевме за пари да дојде, нејќеше да иде во Кавадарци да пее. Три пати Општина Кавадарци беше официјално одбиена од него, да не рече некултурно не сте ми на ниво, вашата манифестација не ги исполнува моите

критериуми. Кога успеавме да имаме 50 000 луѓе за Цеца на плоштад Здравко Чолиќ догодина дојде да пее со 54 000 луѓе. На 10 000 луѓе не си го брука неговиот личен авторитет, па колку и пари да добие да држи концерт од јавен бесплатен карактер. Така да мислам дека прашањето кое што го имате во делот ако самкате да ме прашате дали личен интерес има некоја моја компанија или било која моја блиска компанија со делот од Општината или обратно не, за жал нашите компании не за жал, него гордост на нашата компанија е што учествуваме со секоја манифестација во делот на донации и во делот на придобивките за јавниот карактер да биде што помасовен и организиран на најтранспарентно и објективен начин. Доколку мислите дека треба да биде друга компанија и дали има фирма на пазарот јас одамна не сум ги правел тие истражувања, еве ја тука од секторот за култура Сања сакам да ни објасне каков интерес другите компании, али јас не би сакал да ова се врати на ниво Локална Самоуправа и локални компании и да отидиме на интернационално ниво. Ако земете и кажете дека има фирми кои што работат и од интернационално ниво, има фирми кои што работат и од локално ниво јас би се стремел да овој празник оде накај интернационално ниво со компании со кои што може да не изнесат малку надвор и од Кавадарци. За да одговориме конкретно на второто прашање Сања одговори дали има други компании и каков е интересот од другите компании, по однос на организација не на Св. Трифун, него воопшто али конкретно и на сите. А сумата зошто ви е многу милион денара јас пак можам да потенцирам и да кажам дека не се многу средства, мислам дека се симболични средства и второ во делот на куќушките коишто ги спомнавте, да тука е транспорт, монтажа, демонтажа и враќање назад. Кошта 20 000 денара на ден, не можеме да го споредиме тоа со редовна кирија каде што имаш 10 годишен договор или дневен договор или оној кој што продава сусамки или пуканки за 2 саата, 5, 10,15. Тоа се многу различни работи, а оваа година Општина Кавадарци има ставено за набавка на уште 1 400 000 денари за набавка на куќушки кои што пак нема да бидат трајни, ќе ги користиме, 5,6,7 години и ќе се амортизираат, толку му е векот на употреба на една таква куќушка.

САЊА КРСТИЌ: Најпрво да одговорам на прашањето за ова. Јас и на Комисијата за празници и манифестации и на Комисијата за култура детално објаснив дека се предвидени и тоа ни не го кажавме дека ќе набавиме за Св. Трифун, дека до април месец ние ќе ги обезбедиме тие куќарки, што се и во наш интерес. Пред се кога ние изложуваме нешто на самиот плоштад и гледаме да има естетика, гледаме да биде безбедно и пријатно и за тој што ќе . Бидејќи Иновативa Груп се јавува на конкурс распишан од страна, претходно изгласана одлука и Правилник од ваша страна , од Советот на Општина Кавадарци, претходно бил еден состав, сега сте вие. Оваа година конкурираше уште една фирма, значи бидејќи е транспарентно и конкурсот трае 15 дена конкурираше уште една фирма, која не ги исполнува условите,значи ние не ја бираме фирмата, бидејќи е Иноватаива Груп секој, Поинт Комуникација од Скопје. Конкурсот е објавен во дневници, во Коха и Слободен Печат, трае 15 дена и било кој од заинтересираните фирми, бидејќи е транспарентно, имаат право да си поднесат

соодветна според Правилник нели програма што ја бара Општина Кавадарци. Истата е одбиена по е. комуникации, не од моја страна, значи имаме Комисија формирана што ги разгледува тие понуди. Бидејќи не ги исполнува условите. Доколку, јас и претходно кажав, на претходните совети и во претходниот состав, доколку некој смета дека некој дел, или организатор, или избор на друго правно лице и да биде дел од Општина Кавадарци може да си поднесе програма, да конкурира, бидејќи е транспарентно и да работи со Општина Кавадарци.

СОВЕТНИЧКА ВАЛЕНТИНА БАЊАНСКА: Вака сега грешка ме разбравте, значи овде не станува збор за тоа дека Иновaтива Груп е не способна или е способна во тој дел се движеше дека е најспособна. Станува збор за судир на интереси. Значи не знам кој од вас тука не му е јасно дека не смееме значи во тој дел да си се опуштаме дека се е во ред кога Иновaтива Груп врши маркетинг, значи и во фирмата каде што лично Градоначалникот е сопственик, значи немам ништо против, арно ама да ги раздвоиме овие две надлежности, две функции. Не ве обвинувам. Ама апсолутно немојте така да ме сфаќате значи сега тука мораме ова да го изложиме, затоа што сите неможеме да се правиме слепи дека Иновaтива Груп сепак отвори на you tube, ќе ги видиш објавите на кои се рекламира и Изворска и Лифер пиво значи, тоа не можеме да се правиме.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Јас би ве замолил како советник од денеска да личните мои компании и личните мои брендови да не ги мешаш со манифестации.

СОВЕТНИЧКА ВАЛЕНТИНА БАЊАНСКА: Јас не ги мешам

ГРАДОНАЧАЛНИК: Ниту во моето јавно функционирање како Градоначалник . Тоа се лични работи. Тоа се приватни компании, од јавен карактер доколку имате нешто кое што мислите, има Комисија за спречување на конфликт на интереси ве молам поднесете си и немој да ми ги деградирате брендовите, си имате ваш претседател таму, си има брендови, спомнувајте си ги неговите брендови, мислам ве молам тоа е како да збориме за вашите деца. Исто.

СОВЕТНИЧКА ВАЛЕНТИНА БАЊАНСКА: Не тука си постои закон

ГРАДОНАЧАЛНИК: А бе добро, ти не си за закон за таа работа. Поднеси си до Комисија за судир на интереси.

СОВЕТНИЧКА ВАЛЕНТИНА БАЊАНСКА: Арно ама се препознава такви можности..

ГРАДОНАЧАЛНИК: Ама ти мојата компанија е толку многу голема што ја познаеш од месечината ...Али дали е конфликт на интереси или не ќе си поднесе Комисијата службено. Значи поднеси службено, вака немојте. Значи во се има конфликт на интереси. И ако пие денеска раководителот кафе во Централ Бар, мојот шура го држе и тоа е конфликт на интереси така.

СОВЕТНИЧКА ВАЛЕНТИНА БАЊАНСКА: Стварно има осснов за конфликт за конфликт има.Сега тука стварно има.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Господа значи сметам дека дискусијата оде во погрешна насока.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Комуналец ми фрла ѓубре и во фирмата и во Општината и тука.Конфликт на интереси ли е. И што сега. А воа како да биде. Значи тие мене што ми се соработници и блиски според ваши критериуми .

СОВЕТНИЧКА ВАЛЕНТИНА БАЊАНСКА: Оваа фирма има некои поврзаности со вашата приватна фирма .

ГРАДОНАЧАЛНИК: Тогаш треба пола Македонија да ја исклучиш .А нели е конфликт на интереси вашиот сопруг да биде во Управен Одбор, а вашата банка да има кредит земено, кај што е он управител.

СОВЕТНИЧКА ВАЛЕНТИНА БАЊАНСКА: Тоа си е приватен сектор, ама апсолутно не може таму да навлезиме.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Ами ти за кој зборуваш, за државна фирма ли зборуваш, приватен сектор ми зборуваш.

СОВЕТНИЧКА ВАЛЕНТИНА БАЊАНСКА: Па не е исто.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Не исто каде што вие земате пари, исто било. Абе оди таму, бркајте работа.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Ајде Спиров повели.

СОВЕТНИЧКА ВАЛЕНТИНА БАЊАНСКА: Само уште првата работа. Значи Градоначалникот ни кажа дека сме вработени во

ГРАДОНАЧАЛНИК: Да значи цел живот од државно живееш.

СОВЕТНИЧКА ВАЛЕНТИНА БАЊАНСКА: Па сега ако работиме на државно,не значи дека не си ја заработуваме платата,за тоа сме учеле, значи .Не сакам да бидеме деградирани во ниеден момент

СОВЕТНИК ЗОРАН СПИРОВ: Почитувани колеги советници.

СОВЕТНИЧКА ВАЛЕНТИНА БАЊАНСКА: Само еден момент. Да си ја завршам репликата.Значи бев повикана од Градоначалникот. Јас само морам да се докажам.Значи бев повредена, заради тоа што Градоначалникот кажа ние во државно не заработуваме и он во моментов значиси е во Општина и он на некој начин е од пари од граѓаните на плата, а дали јас сум завршила факултет и таму каде што си ја завршувам работата, значи некој друг треба да ми даде оценка, дали е тоа така или ..

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ :Градоначалникот е откажан од примањата на Општината, тоа да не го заборавиш .

СОВЕТНИЧКА ВАЛЕНТИНА БАЊАНСКА Тоа е негово право.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ Ама чим ги откажа, кога пред 4 години го доби првиот мандат, од сите добра што ги нуде тоа столче, значи не сте во право да кажувате дека он е платен, бидејќи неговите средства тука се донирани.

СОВЕТНИЧКА ВАЛЕНТИНА БАЊАНСКА Тоа ниту некој го побарал како доказ

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ Абе како никој не го побарал, го кажа човекот јавно.

СОВЕТНИЧКА ВАЛЕНТИНА БАЊАНСКА: Негово право е.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Да ама последното ви беше надвор од контекст.

СОВЕТНИЧКА ВАЛЕНТИНА БАЊАНСКА: Не ни одзима од одговорност повеќе или помалце ако даваме нешто или се откажуваме од нешто.Значи ако се откажеме од нешто не сме помалку одговорни.Тоа е вике..

СОВЕТНИК ЗОРАН СПИРОВ: Почитувани колеги советници, почитуван Претседавач, почитувани медиуми. Точката Св. Трифун, значи никој не е против

парите, никој не е против сумата на организаторот, него бараме поконкретно од фирмата значи како организатор на манифестацијата да си образложи, значи секоја точка поконкретно, затоа што мене, јас како советник тука мене воа ништо не ми значи, напишано само кој, зошто,колку, како има тука напишано високи суми што од моја страна не се прифатливи, така да барам од фирмата, значи организатор конкретно да се образложе секоја точка и предлагам тука требало да има, значи најмалку 3 понуди од фирмата, пошто веќе она го зела на пр.ова што е понудата. Треба да има 3 понуди, па ние да одбериме советниците која понуда нас ни одговара.Може да биде и повисока од ваа, не е проблем, него да има барем 3 понуди, па да се разгледат тука.Како воа една понуда и мора ваа да биде. Значи тоа е предлогот да се образложе.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Повелли советниче Златевски вие сте на ред.

СОВЕТНИК ЈОВАН ЗЛАТЕВСКИ: Почитуван Претседавач на Совет, почитувани колеги советници, почитувани медиуми, почитувани граѓани на Општина Кавадарци. Тука има настанато некои проблеми и вчера на Комисијата за култура се дискутираше за таа работа. За да нема вакви недоразбирања предлог имаше пред организаирање некои манифестации како што се наредните
Кул турно Лето или Гроздобер, а не месеци претходно да се консултира службите со советниците или да се разгледат Програмата што ќе биде предложена неколку месеци претходно, ако има некои дополнувања да се надополне , ако има некои препораки, ако има некои идеи за подобрување да се вметнат во програмите што ќе бидат за тие манифестации и тогаш ќе немаме вакви недоразбирања. Сите сме за да се прославе празникот Св. Трифун или Културно лето да се организира или Гроздобер, ама дај да бидиме малце меѓу нас потранспарентни. Ни како советници 10 дена пред Нова Година ја добивме програмата како ќе биде дочекот на Нова година организиран од нашата Општина, ни како советници една недела пред Св. Трифун ја добиваме програмата како ќе биде, за да немаме такви недоразбирања во иднина и да немаме трошење на времето со вакви дискусии најдобро е во Комисијата за култура, во Комисијата за организирање на празници и манифестации да се разгледат и да имаме претставници, имаме речиси од сите советнички групи да бидат во комисии, да ги разгледаме, да издискутираме и да немаме вакви проблеми во иднина и кога го организираме одбележувањето на празникот Св. Трифун редно е да се спомне и за лозарите, оти овој празник е и за лозарите и овој празник треба лозарите да го слават, ни само организираме таква манифестација и јас сакам да предложам на наредниот Совет подхитно да се разгледа точката, да се ставе точка на дневен ред каде што ќе се спомне и ќе се анализира во каква состојба се наоѓаат производителите на грозје, лозаропроизводителите, оти со овие цени што се на вештачките ѓубрива за 300% на препарати, за заштита на лозата, лоовите насади за 300% се повисоки. Со сите што сум разговарал, сите се прашуват дали воопшто ќе продолжат да го гледат лозовиот насад и ако барам за наредниот состанок сите да дојдиме спремни и да како што дискутираме одвнатре од душата за заштита на Тиквешкото Езеро, сега сакам одвнатре со сите можности што ни ги дават овие функции да

организираме една поширока дебата. Ни сакам да направиме една таква точка на разгледување кадешто првично ќе ни биде максимално спроведување на Законот за вино, внатре имаме точки кои што во Законот за вино точно се наведени во сите членови работи кои што не се почитувале во минатите години и од тие причини лозарството е дојдено на ова дереџе. Мојот предлог сакам да се прифане и на наредниот Совет да имаме точка на Дневен ред каде што подетално ќе дискутираме, сега да не читаме извадоци. Има решение само треба да се има волја, како што има решение и за спас на Тиквешкото Езеро, така има решение и за спас на лозарството како гранка, која што е традиционална наназад и уште едно. Во тој дел треба да се има волја. Ако се има волја може да се заврше и да се испадне од ваа криза. Во спротивно наместо субвенции до 31-ви мај да поднесуват лозарите ќе поднесуваат барање од државата за надокнада на штета за кршење на лозовите насади.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Почитуван претседателе, почитувани колеги советници, почитувани медиуми. Моето видување по оваа работа е малку различно од вашето, а е позитивно. Фирма на тендер добива сума на пари, учествувала и го добила тендерот и не е спорно ништо. Парите ние ги одредуваме во Програмата за култура, колку што имаме толку, наоѓаме некогаш пари со донација за да го збогатиме репертоарот на манифестациите, колку можеме и како се расположени фирмите за додатоците. Јас сум имал контакти со Иноватива и наредна година Гроздоберот пропадно пошто од Иноватива не можевме да го измолиме да дојде тука да даде образложение, ние баравме образложение по ставките, најглавната причина беше короната, ама беше причина и тоа што на 3 седници стававме точка Гроздобер и не успеавме да ја измолиме Иноватива да даде претставник да образложе. Нема да ги коментирам сите ставки колку пари, дали е скапо или евтино, може да биде и помалку, може и повеќе, зависи од тоа ние што бараме. Моето залагање беше и тогаш и сега да Иноватаива даде претставник кога ја дава програмата, во време кога се држе комисија и на седница на Совет и да ни даде 2-3 понуди како што е ова накуцано сега и ние од тие трите работи или 4 или 5 и ние да одбериме, а не како сега само ова е и мора да го гласаш, што за мене како советник не е добро. Исти ќе бидат вкупните суми на сите понуди, само имаш да бираш, дали сакаш што рече Градоначалникот Здравко Чолиќ да го поканиш или Цеца, што бараме, ние сега од едно, едно мора да бираме. Не треба да правиме политички тензии, не треба да мешаме приватни работи, да си створаме омраза, мандатот е 4 години за вас, за мене вечно и се створат кавги, утре во приватниот живот треба да останиме пријатели. Приватна фирма, брат мој, сестра да не мешаме.Да се договориме сега е касно, али сега треба да го раслраваме Гроздоберот. Да ја измолиме Градоначалник вашата служба да го донесе претставникот од Иноватива и да ни објасн. Може ние ќе речиме овие малку се пари, дај уште нешто да дотуриме па да биде побогато,значи не одиме во проблем скапо е, ефтино е. Не ја познавам таа проблематика и нема да судам, али можам да судам дека ми даваш само една работа, дај ми две, да одберам една и готово. Тука да дадиме насока. Сега ова е завршена работа, треба да мислиме за другата манифестација. Ние двајца како советници ќе гласаме против сите точки, ради тоа што не го гласавме

дневниот ред, не ради причина друга, него штом не го гласам дневниот ред сите точки сум против.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Сите ги знаеме бенефитите во однос на манифестацијата Св. Трифун и тоа не е спорно, меѓутоа ние сме Совет и дебатираме за пари, за средства колку тоа нас ќе не чини како Општина. Од страна на сектор култура добивме информација дека ќе се набават овие куќарки кои што постојано ги изнајмуваме и сега ќе ви кажам претходниот извештај.Ова за Нова Година 700 000 денари за изнајмувањето на куќарки. Овде имаме 160 000 ок . Вкупната набавка е проценета на 1 400 000, а ние имаме веќе потрошено 860 000 за изнајмување на куќарките, пак ги немаме, разбираш. Тука разговараме за рационално трошење и организирање на манифестации по некои рационални цени разбирате. Е сега друг спорен момент кој што е за мене спорен е бендот, значи спомна и, не во однос на Некст Тајм или е некој друг . У однос на тоа, истата компанија е менаџер и на бендот и го организира нивниот настап. Значи самата со себе се договара и преговара за цената за која што ќе пее. Така е. Значи менаџерот го договара настанот, го договара со организаторот на настанот. Значи истата фирма. Тие две точки според по мене се спорни. И исто така во делот на изборот на компанијата, ние немаме никакви информации, кој се пријавил, како се пријавил, доставил ли одредена програма.

СОВЕТНИК ТОНИ НЕШКОВСКИ: Почитувани граѓани, почитуван Градоначалник, почитувани колеги советници, Претседател на Совет, медиуми и останати. Мене ми е многу жал што баш на оваа точка , која што треба нели да биде празнично и да биде чест на сите Кавадарчани, ние ја разводнивме тука и дискутираме еве незнам околу саат време. Дел од колегите советници нели излегоа тука, се произнесоа дека немале апсолутно никакви информации, дека биле ставени пред свршен чин. Јас поинаку ги гледам работите. Значи ние како советници тука со самиот буџет на Општината имаме увид колку средства се оделени нели за празници и манифестации, колку средства вкупно се оделуваат за култура, колку средства се оделени нели за празници и манифестации точно и колку средства се оделени за оваа манифестација Св. Трифун. Ако имаме нели нешто, некои забелешки околу буџетските средства кои се оделени за оваа манифестација нели дел од советниците кои што се против можат и претходно да реагираат. Секој советник од нас или советничка група има право да дава предлози и на комисија, да даде предлог и за дополнителна точка на комисија без значење, дали тоа е Нова Година, дали е Св. Трифун се со цел да се разгледаат повеќе предлози и да има повеќе можности за избор и тогаш ние би излегле како Совет нели со конкретен став и некаков предлог до организаторот. Ние оставаме до последен момент нели организаторот да си организира без претходно никакви наши предлози кои што слободно имаме право да ги предложиме до тој организатор и кога ќе дојде сега пред свршен чин нели, оваа точка на дневен ред, јас верувам дека тоа е за политички поени, излегуваме тука и кажуваме повеќе, помалку средства. Јас значи искрено од цела дебата не заклучив дали проблемот е во средствата кои што се издвоени или проблемот е организаторот кој што е избран на јавен конкурс и кој што ги организира овие манифестации. Значи ние ако сакаме да ги намалиме средствата за овие

културни манифестации како Совет можиме да ги намалиме и како критериумите исто така Општината може да ги намали за тој јавен повик, па да избереме за многу помала сума друг изведувач да ни ги организира овие манифестации и тогаш ќе дојдиме до други проблеми, тогаш пак ќе дојдиме до препукување, тука имало лоша организација, биле фрлени за џабе тие пари, а сите сме сведоци како во изминатите 4 години овие културни манифестации, кои што се изведуваат во Општина Кавадарци се кренаа на едно многу, многу повисоко ниво, па тука секој еден од нас присуствувал на тие манифестации, му било чест да присуствува, сите сме канеле гости од страна да дојдат и да видат како тоа сето е добро организаирано. Исто така до колегата Сакалиев, он беше изминатите 4 години Претседател на Совет, минатата година не е точно дека пропадна Гроздоберот поради тоа што не дојдоја претставници од Иноватаива Груп тука, туку Гроздоберот пропадна нели заради пандемијата, заради здраствената ситуација во државата . Така да мене ми е, пак ќе кажам жал, јас очекувам од сите советници ова едногласно да се помине и оваа традиција одгодина во година и ова одбележување на овие празници треба да расте на едно повисоко ниво.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Колега Тони. Ве почитувам во излагањето дел 90% од тоа што го зборевте се слагам, али нема да се сложам со тоа дека пандемијата беше единствена причина да не организираме Гроздобер. Пандемијата во септември, во октомври кога се праве Гроздобер имаше некои услови со обезбедување, со вакви, такви и инакви услови и ние се одлучивме дека во таквите услови ние ќе направиме грешка и да не го правиме Гроздоберот. Тоа беше првата причина, а втората причина лично јас што реков дека Иноватаива Груп е причина пак го потврдувам заради тоа што 3 пати беше турена точката на дневен ред , на 3 седници ние туравме точка Гроздобер. Ако беше пандемијата, немаше ни да ставам точка на дневен ред, една причина, значи единствена причина и најголема причина беше пандемијата, втората причина е тоа што ние не успеавме да исконтактираме со Иноватива, јас напорно ја барав и еднаш сум во Африка, вторпат во Азија и третиот пат немам време, нејќеше да даде претставник и сега немојте вие да мислите дека сега е ова политика, барам ова ливче што е напишано, уште 2-3 такви и ние едното ќе го гласаме . Парите се тие. Она го добила тоа на тендер, ние не можиме да и ги скратиме парите, можеме од овие пари да префрлеме за Нова година или од таму овде, значи вкупните пари во културата што ги даваме се тие или пак со ребаланс да дотуриме ако е нешто плус, кога дојде и ние бараме, после ова дадено бараме уште нешто и она ќе биде да, ама уште пола милион, со ребаланс ќе ги добиеш ама ние сакаме да дадиме задоволство на граѓаните да го има и сега што е спорно ако направиме една забелешка и од секторот култура ја повикаат и да и кажаме овде сите советници во Комисија дај ни 2,3 понуди ние ни е многу глупо едно ливче единствено и да го гласаме и го гласаш ова или не, ќе го гласам или не го гласам тоа е моја одлука, а кога имам 2,3 работи си одбирам една и викам ние се договоривме оваа работа ја сакаме, од трите работи или од петте одбравме една и готово, дополнуваме или зголемуваме. Не е спорно тоа и сега ние не можиме човек што работи со нас 10 години

соработник Иноватива да не може да го измолиме да дојде на комисија овде да образложе, забелешка да направе, да измене,да дополне, да зголеми.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Ајде повели контра реплика.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Претседателе само вака значи дали денеска дневен ред е и точката на дневен ред е Гласањето и Програмата за Св. Трифун или е јавен повик за конкурс. Дебатата мислам дека избега во погрешен правец. Значи дали имаше јавен повик за конкурс, дали има во оваа Општина сектор за култура, дали има комисија за култура која што воа го одобрила да дојде на Советот, ако е сета таа постапка транспарентно и отчетно запазена, дај ве молам не се враќате назад на комисија за култура, денеска треба да се гласа, дали ја гласаме програмата или не ја гласаме, ние не може со сила да тераме уште 2 компании да се јават на јавен повик.Значи јавниот повик е завршена работа. Во тоа делегирање образложи секторот за култура колку имало јавено, јас сум стварно .. и втората компанија која што добро ја познавам и со таа сме соработник, еве вака сега проверив во меѓувреме и таа е врвна компанија, верувам дека во понатамошни цели ќе ни биде од корист и ако е точката за гласање на дневниот ред кој што е за гласање и гласање дали да оде програмата, немој да се враќаме назад сега за јавен оглас или конкурс каде што ќе го дебатираме тоа во соодветно време, на соодветен начин. И само уште за Нова Година на советникот Јован, значи ние станавме втор мандат Градоначалник, таму негде 8-ми ноември и они советници 7,8-ми ноември. Јас верувам дека можеби тука е цел пропуст направен што 10 дена пред Нова Година се дади цела програма. Нова година не се спрема 10 дена, Св. Трифун не се спрема 10 дена, Гроздоберот не го спремаме 10 дена. Тековно, годишно го работиме тоа, верувајте дека цел сектор си работи на таа програма. Ние трошкови годишно имаме само по 600, 700 000 денара на посета на карневали, на посета на побратимени и пријателски градови во делот на нивните манифестации и одбележувањето на годишнина на град, одбележувањето на манифестациите кои што не ги споменуваме и не треба да ги споменуваме. Тие посети ги вршат службено дел од советниците кои што, претходните советници многу добро знаат како тоа се делегирало и како оделе на службен пат и дел од нашите вработени во секторот на култура и образование за да се запознаат и со Балканот и со светот и со другите наши градови што и како организираат, така да мислам дека денеска е узалуд муабетот за делигирање на обврските.
СОВЕТНИК ТОНИ НЕШКОВСКИ: Колега Сакалиев беше Претседател изминатите 4 години, треба да го познавате Деловникот многу добро. Значи пак ќе кажам, спомнав и пред малку дај сите како советници, еве сега Св. Трифун 14-ти февруари понеделник ќе се одржи, после тоа за нареден Св. Трифун имаме цела година, сите активно како советници да се вклучиме, да дадиме своји предлози дали околу изведувач, дали околу организација, да дојдиме до некои 2,3 предлози кои што ќе ги предложиме до изведувачот на овие манифестации, за да не дојдиме до овакви недоразбирања, нели и натегања за точки каде што треба да ни биде чест и задоволство да ги гласаме да се договориме, сите активно да се вклучиме, а не кога ќе дојде пред свршен чин тука точката и за политички поени да излеваме и да кажуваме колку, што и како чинат.

Изминатите 4 години вие бевте Претседател, првата година дојдоа претставници од Иноватива Груп, тука разговаравме сите како советници, вие знаете, зошто наредните 3 години ги миневте еве вака буквално како што кажавте со едно ливче, тогаш немавте ништо против, а сега сте против.
СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Колега и на тебе и на Градоначалникот одеднаш ќе ви одговорам на двајцата. Градоначалник према вас директно. Ти треба да станиш и да кажиш ќе ја обезбедам Иноватива тука и ќе даде 3 понуди за наредна манифестација , што ти е тешко. Дали тоа е тешко да го сториш, а колегата пак првата година ја барав упорно се договоривме и од втората година нејќеѓе да иде, не дека ние, 3 години еднаш дошла, три не дошла. Не е спорно рековме ни пара, ни сума, може она да дојде и да не удостои со идење и да ни каже овоа е вака и ние ќе го прифатиме. Секогаш кога идела тука сме правеле позитивни преговори и сме имале добри резултати и тоа ние го бараме сега, повеќе Трифун е завршена работа, за наредниот период, за наредна манифестација да ни даваат по 2,3 понуди. Не се спорни пари, никогаш не сум коментирал позиции, не сум соодветен за таа работа, али од едно, едно значи.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Реплика Мелов.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Само малку Претседателе.Чекај после ќе завршиш, пошто Министерот за животна средина е веќе стигнат кај мене во кабинетот, знаете дека од 11 часот имаме закажано.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Значи ваа седница
СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Ќе ја прекиниме, па пак ќе ја продужиме.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Второ можете да ја прекинете, па да продолжите, а за тоа Ристе кај сме, зошто не доаѓат луѓето, поготово јас имам неофицијални информации дека од понежниот пол избегнуват да доаѓат кај тебе, пошто , не знам зошто. Еднаш дошле и не се враќат виќе.
СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ :И тебе ќе те турам во понежниот пол.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Не знам што е работата.Треба да се преиспиташ да видиш дали имаш некоја мана.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Почитувани точката на Предлог –Програмата за Св. Трифун ја ставам на дневен ед. Кој е за. Против 6. Воздржани 2. 1.

2. Предлог-Програма за заштита од штетно дејство на водите;

Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена.

3. Предлог-Програма за дефинирање граници на ерозивни подрачја на територијата на Општина Кавадарци;

Кој бара збор.Бидејќи никој е бара збор, истата ја ставам на гласање. Кој е за. Двајца против. Во ред.

4. Предлог- План за пошумување 2022-2025;

Кој е за. Двајца против.

5. Годишен Извештај за состојбата со животната средина за 2021 година;

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Јас ќе зборувам во делот на загаденоста на воздухот кој што сметам дека е еден сериозен проблем кој што од година на година, не само

што нема никакви подобрувања, туку ситуацијата ни оде на полошо. Точно вака. Само секунда. Е вака. Врз основа на Извештај на Министерство на животна средина во Кавадарци и Кичево оваа година, мислам 2021 година минатата година 2021 година, секој втор ден сме дишеле опасно загаден воздух. Тоа го има и во Извештајот, кој што ни е даден, 175 дена во годината нивото на п.м. 10 честички е над она дозволеното ниво. Ако се вратиме назад и ги погледниме минатите години, јас правев одредени анализи на извештаите на Министерството за животна средина, во 2014 сме имале 79 такви дена, 2015 136 такви дена, во 2016 96 такви дена, 2017 140 денови, 2018 141 ден, 2019 63 ден и 2020 161 и минатата година 175 денови и мислам дека веќе состојбата во овој дел станува алармантна. Во однос на она што ние како Општина го превземаме, тука е добро детектирано, добро се детектирани одредени работи, сериозни надминувања на гранични вредности на п.м. 10. Затоплувањето, недостиг на прецизни податоци, во однос на емитери во воздухот, односно Катастер за воздух, слаба имплементација на законски обврски за спречување и контрола на емисија од индустриски објекти, недоволна развиена свест, недостиг на програма за енергетска ефикасност, санкционен план и има други работи кои се наведени стратегии, во дел на казливост на оние загадувачи. Мислам дека потребна е сериозна работа овдека, бидејќи ова станува сериозен и претставува сериозен здраствен проблем кај граѓаните и мислам дека треба многу да поработиме и во однос на оваа работа. Што ние како Општина можеме овде да направиме. Сметам дека како Општина треба да издвоиме повеќе средства за замена на грејните тела се додека не се комплетира тој процес на гасификација на државата. Јас ги земав податоците, податоците се ниски, не знам која е предвидената сума, само ми даде реализираната сума на податоците. Ако не се реализирани тие програми во 100%, тогаш е проблем и тогаш и Општината треба да премине, пошто велиме нема јавна свест Општината треба да организира кампањи кои што се добри и кои што треба да ја поткренат таа јавна свест кај граѓаните и во делот на бидејќи еден од проблемите е и загадувањето, меѓутоа еден од проблемите се моторните возила кои што ги користиме и кои што исто така загадуваат и тука има Општината одредена мерка и тука сметам дека се ниски средствата и мислам дека треба да инвестираме повеќе и во тој дел, во алтернативен превоз, во субвенционирање на велозипеди. Исто така во делот на велосипедски патеки мислам дека стоиме како општина доста слабо, освен онаа велосипедска, пешачката патека кај Моклиште, во центарот на градот, во градското подрачје немате обележани велосипедски патеки за безбедно движење на лицата коишто имаат велосипеди и мислам дека на тој начин би постигнале некаков си подобар ефект во однос на намалување на азагадувањето, значи кај нас загадувањето во одредени моменти доаѓа 20 пати, 5, 10, 20 пати над она што е гранична вредност на п.м 10 честички и мислам дека во наредениот период ние како советници и Општина Кавадарци треба многу повеќе да земе заложба во овој дел, бидејќи ова станува сериозен проблем. Исто така и вчера со раководителот за сектор урбанизам делот кој што го забораваме тоа се градилиштата кои што знаат да прават одредени проблеми во дел на прашина и слично, сметам и во тој дел треба да се поведе малце поголема контрола.

СОВЕТНИЧКА ВЕСНА ЃОРЃИЕВА: Почитуван Претседател, почитувани колеги советници во врска со оваа точка сакам само да надополнам ние како Совет и како Локална Самоуправа треба во наредниот период, пошто оваа година мандатот ни почна пред крајот на годината и не земавме големо учество во делот на усвојувањето на буџетот. Сметам дека наша заложба е, посебно на сите, да не овдека да не добиваме политички поени во делот кој се однесува на загадувањето на воздухот потребно е ние како советници и како Локална Самоуправа да наредниот буџет да го предвидиме и да имаме многу повеќе средства во делот и тоа да ни биде на прво место, првенствено за заштита на воздухот во Општина Кавадарци. Зошто го велам ова. Релативно веќе во градот инфраструктурата, улиците, урбанизмот ни е на завидно ниво. Сметам дека и ќе се залагам за усвојувањето на наредниот буџет да се одвои многу поголеми средства во делот претежно на загадениот воздух што го дишиме во општината. Сите сме свесни и знаеме, не навлегувам која е причината, треба да најдиме начин како да ја намалиме загаденоста во Општина Кавадарци. Првенствено треба да водиме сметка и кога ќе го имаме наредниот буџет ќе го усвојуваме сите едногласно и да се сложиме, да најдиме начини и средства. Има, јас сум гледала на интернет сега не е ниту време, ниту место тоа да го зборувам, да се најде начин како да се успее во делот на намалувањето, посебно на загадувањето на воздухот во зимскиот период.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Контра реплика или реплика. Реплика.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Вака значи, ова се теми на јавен интерес . Се што е тема од јавен интерес е тема на политичка дебата. Советот е орган на кој што треба да се дебатираат овие работи, така да јас не знам зошто тоа постојано ако некој што ќе каже одма политички поени, овоа, оноа. Не тоа е став кој што го презентираме тука, на некои може да му се свиѓа, на некој не му се свиѓа тоа. Ова се теми кои што се од јавен интерес.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Дали бара некој друг збор. Бидејќи никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Кој е за. 12. 13 за. Против. 6 против.

6. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко планска документација за објекти надвор од планскиот опфат;

Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Кој е за. Против. Двајца против.

7. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.20/21 поведен пред Основен суд Кавадарци;

Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Кој е за. Против. Ристе. Двајца против.

8. Предлог-Одлука за примање донација (извршување на градежни работи на патот с.Ресава до Тиквешко Езеро) од Друштво за производство, трговија и услуги “КОЖУВЧАНКА” ДОО увоз-извоз Кавадарци ;

Дали некој бара збор.

СОВЕТНИК ГОРАН КУЗМАНОВСКИ: Почитувани колеги советници, почитуван Претседател на Совет, граѓани, медиуми и останати. По однос на оваа точка сакам да земам збор бидејќи во неколку наврати претходно гледам од неколку компании се добива донација за јавен интерес, односно за доброто на граѓаните и во овој случај исто така и со компанијата Кожувчанка. Сакам да искажам на тие компании благодарност што помагаат за јавниот интерес на граѓаните и ќе бидам краток сакам да ги повикам и другите успешни компании, бидејќи знаеме дека Кавадарци има 10-тина компании што се во првите 100 компании во Република Македонија, по добивката и по приходот. Исто во рамките на својата можност да дадат свој допринос за доброто на градот, за доброто на Кавадарчани и во делот во кој што можат дали во паркови, дали во пошумување, дали во некој јавен објект, во рамките на своите можности да донират, односно да го помагат самиот град од каде што функционират и остваруваат профит и граѓаните. Тоа ќе биде од мене.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Ја ставам точката за гласање. Кој е за. 17 за. Против. Двајца против.

9. Предлог-Одлука за сопствено учество на општина Кавадарци-Локална самоуправа, во реализација на проектот „Воспоставување на Советувалишен центар за помош и поддршка на жртви на родово базирано и семејно насилство"

Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Кој е за. 17 за. Против. Двајца против.

10. Предлог-Одлука за одобрување финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година

Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор точката ја ставам на гласање. Кој е за. 17 за. Двајца против.

Процедурално, ама тоа предвреме. Во ред е, не е никаков проблем.

Почитувани советници бидејќи Предлогот на нашиот колега Јован Златевски го ставам на гласање, односно неговото гледиште за да се разговара за состојбата на лозарите и лозаропроизводството, да биде каква состојба се да се стави точка на Дневен ред. Значи тој предлог, во неговото излагање на говорницата. За наредениот пат. Па за наредниот пат. Вуко како забелешка, токму тоа. Во ред. Благодарам советниче.

Почитувани советници со тоа е исцрпен денешниот Дневен ред на Седмата седница на Советот на Општина Кавадарци. Ви благодарам за учеството.

Изготвил: Анета Рамова

СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Стојанчо Рамов